ISCTBL 2023

INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

Факултет за туризам и бизнис логистика

Goce Delchev University Shtip

Faculty of Tourism and Business Logistics

Шеста Меѓународна Научна Конференција

Sixth International Scientific Conference

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ТУРИЗМОТ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО 21 ВЕК

# CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE 21ST CENTURY

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

## CONFERENCE PROCEEDINGS

**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**

**Факултет за туризам и бизнис логистика**

**Goce Delcev University Shtip**

**Faculty of Tourism and Business Logistics**

**Шеста Меѓународна Научна Конференција**

**Sixth International Scientific Conference**

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ТУРИЗМОТ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО 21 ВЕК

# CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE 21ST CENTURY

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

## CONFERENCE PROCEEDINGS

19 мај 2023 г. / May 19, 2023

**Организациски комитет:**

Проф. д-р. Татјана Бошков, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија

Проф. д-р. Наташа Митева, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија

Доц. д-р Цветанка Ристова Магловска, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија

Проф. д-р. Душко Јошески, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија

Доц. д-р. Душица Попова, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија

**Меѓународен програмски комитет:**

Проф. д-р. Татјана Бошков, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија

Проф. д-р. Наташа Митева, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија

Доц. д-р. Цветанка Ристова Магловска, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија

Проф. д-р. Душко Јошески, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија

Доц. д-р. Душица Попова, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија

Проф. д-р. Никола В. Димитров, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија

Проф. д-р. Цане Котески, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија

д-р Билјана Цоневска Гуњовска, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија

Проф. д-р. Оливер Филипоски, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија

Проф. д-р. Александра Жежова, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија

Проф. д-р. Зоран Темелков, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија

Проф. д-р. Мишко Џидров, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Машински факултет, Република Северна Македонија

Проф. д-р. Тања Ангелкова Петкова, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија

Проф. д-р Димитар Ковачевски, Универзитет Американ Колеџ Скопје, Република Северна Македонија

Проф. д-р Слаџана Стојановска, Факултет за Бизнис Економија, Скопје, Република Северна Македонија

Доц. д-р Христина Серафимовска, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија

Проф. д-р. Глигор Бишев, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, Економски факултет Прилеп, Република Северна Македонија

Доц. д-р. Васко Шутаров, МИТ Универзитет, Факултет за безбедност, Република Северна Македонија

Проф. д-р. Мадалина Теодора Андреи, Универзитет Хиперион, Факултет за општествени, хуманистички науки и природни науки, Оддел за географија, Романија
Проф. д-р. Соња Квирога, Универзитет Алкала, Оддел за економија, Шпанија
Проф. д-р. Алиса Флеишер, Хебрејскиот универзитет Јерусалим, Роберт Х. Смит, Факултет за земјоделие, Храна и Животна средина, Оддел за економија на животна средина и управување, Израел
Проф. д-р. Ноам Шовал, Хебрејски универзитет Ерусалим, Факултет за општествени науки, Оддел за географија, Израел
Проф. д-р. Нурија Елиса Морере Молинеро, Универзитет Реј Хуан, Шпанија
Проф. д-р. Никола Хурвулиадес, Американ Колеџ Солун, Грција
Проф. д-р. Донила Пипа, Универзитет Марин Барлети, Економски факултет, Албанија
Проф. д-р. Мохамед Фуад, Ариш Универзитет, Факултет за уметност, Египет
Проф. д-р. Франсис Вериза, Универзитет Толиара, Факултет за оппштествени науки, Мадагаскар
Проф. д-р. Октавиан Сербан, Букурешки Универзитет за Економија, Факултет за храна од земјоделие и економија на животната средина, Романија
Проф. д-р. Сабина Георгечи, Асоцијација за промоција на туризмот, Дробета Турму-Северин, Романија
Проф. д-р. Серафима Роскова, Молдовска академија за науки, Академија за економски науки на Молдавија, Република Молдавија
Проф. д-р. Стела Дерменциева, Универзитет на Велико Трново Свети „Кирил и Методиј“, Оддел за Географија, Бугарија
Проф. д-р. Марта Боровска Стефанска, Универзитет во Лоџ, Факултет за Географски науки, Институт за градежна средина и Просторна, Полска
Проф. д-р. Јулиана Поп, Универзитет за економски студии, Факултет за бизнис и туризам, Романиа
Проф. д-р. Елена Тома, Универзитет Хиперион, Факултет за општествени, хуманистички науки и природни науки, Оддел за географија, Романија
Проф. д-р. Ирина Лазар, Универзитет Хиперион, Факултет за општествени, хуманистички науки и природни науки, Оддел за географија, Романија
Проф. д-р. Озгур Јерли, Дужче Универзитет, Факултет за Шумарство, Оддел за пејсажи, Турција
Доц. д-р. Жарко Радјеновиќ, Универзитет во Ниш, Центар за иновации, Србија
Проф. д-р. Драго Цвијановиќ, Универзитет во Крагујевац, Факултет за Хотелски менаџмент и Туризам Врњачка Бања, Србија
Проф. д-р. Дарко Димитровски, Универзитет во Крагујевац, Факултет за Хотелски менаџмент и Туризам Врњачка Бања, Србија
Проф. д-р. Серџо Чипола, Универзитет во Палермо, Силиција, Италија
Доц. д-р. Марија Белиј Радан, Универзитет во Белград, Факултет за географија, Србија
Доц. д-р. Андреј Мичовиќ, Универзитет во Крагујевац, Факултет за Хотелски менаџмент и Туризам Врњачка Бања, Србија

**Organizational committee:**

Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Prof. Natasa Miteva, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Assist. Prof. Cvetanka Ristova Maglovska, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Prof. Dusko Joseski, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Assist. Prof. Dusica Popova, Ph.D., Dusica Popova, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

**International program committee:**

Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Assist. Prof. Natasa Miteva, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Assist. Prof. Cvetanka Ristova Maglovska, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Prof. Dusko Joseski, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Prof. Dusica Popova, Ph.D., Dusica Popova, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Prof. Nikola V. Dimitrov, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Prof. Cane Koteski, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Biljana Conevska Gunjovska, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Prof. Oliver Filiposki, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Prof. Aleksandra Zezova, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Prof. Zoran Temelkov, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Prof. Misko Djidrov, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Mechanical Engineering, Stip, North Macedonia

Prof. Tanja Angelkova Petkova, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Prof. Dimitar Kovacevski, Ph.D., School of Business Economics and Management, University American College Skopje, North Macedonia

Prof. Slagjana Stojanovska, Integrated Business Faculty, Skopje, North Macedonia

Assist. Prof. Hristina Serafimovska, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Prof. Gligor Bishev, Ph.D., St. Clement of Ohrid University of Bitola, Faculty of Economics, Prilep, North Macedonia

Assist. Prof. Vasko Sutarov, Ph.D., MIT University, Faculty of Security Sciences, North Macedonia
Prof. Madalina Teodora Andrei, Ph.D., Hyperion University, Faculty of Social, Humanities and Natural Sciences, Department of Geography, Romania
Prof. Sonia Quiroga, Ph.D., University of Alcalá, Depatment of Economics, Spain
Prof. Aliza Fleischer, Ph.D., The Hebrew University of Jerusalem, The Robert H. Smith Faculty of Agriculture, Food and Environment, Department of Environmental Economics and Management, Israel
Prof. Noam Shoval, Ph.D., The Hebrew University of Jerusalem, Faculty of Social Sciences, The Department of Geography, Israel
Prof. Nuria Elisa Morère Molinero, Ph.D., Universidad Rey Juan Carlos, Catedrática Historia Antigua, Spain
Prof. Nikolas Hourvouliades, Ph.D., American College of Thessaloniki, Greece
Prof. Donila Pipa, Ph.D., Marin Barleti University, Faculty of Economy, Albania
Prof. Mohamed Fouad, Ph.D., Arish University, Faculty of Arts, Egypt
Prof. Francis Veriza, Ph.D., University of Toliara, Faculty of Lettets and Human Sciences, Madagascar
Prof. Octavian Serban, Ph.D., Bucharest University of Economic Studies, Faculty of Agrifood and Environmental Economics, Romania
Prof. Sabina Gheorgheci, Ph.D., Mehedinți Tourism Promotion Association, Drobeta Turnu-Severin, Romania
Prof. Serafima Roșcovan, Ph.D., Moldova Academy of Science, Academy of Economic Studies of Moldova, Republic of Moldova
Prof. Stella Dermendzhieva, Ph.D., University of Veliko Turnovo St Cyril and St. Methodius, Department of Geography, Bulgaria
Prof. Marta Borowska-Stefanska, Ph.D., University of Lodz Faculty of Geographical Sciences, Institute of the Built Environment and Spatial Policy, Poland
Prof. Iuliana Pop, Ph.D., University of Economic Studies, Faculty of Business and Tourism, Romania
Prof. Elena Toma, Ph.D., Hyperion University, Faculty of Social, Humanities and Natural Sciences, Department of Geography, Romania
Prof. Irina Lazăr, Ph.D., Hyperion University, Faculty of Social, Humanities and Natural Sciences, Department of Geography, Romania
Prof. Ozgur Yerli, Ph.D., Duzce University, Faculty of Forestry, Department of Landscape, Architecture, Turkey
Assist. Prof. Zarko Radjenovic, Ph.D., University of Nis, Innovation Center, Serbia
Prof. Drago Cvijanović, Ph.D., University of Kragujevac, Faculty of Hotel Management and Tourism in Vrnjacka Banja, Serbia
Prof. Darko Dimitrovski, Ph.D., University of Kragujevac, Faculty of Hotel Management and Tourism in Vrnjacka Banja, Serbia
Prof. Sergio Cipolla, Ph.D., University of Palermo, Italia
Assist. Prof. Marija Belij, Ph.D., University of Belgrade, Faculty of Geography, Serbia
Assist. Prof. Andrej Mićović, Ph.D., University of Kragujevac, Faculty of Hotel Management and Tourism in Vrnjacka Banja, Serbia

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

**GOCE DELCEV UNIVERSITY OF STIP**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА**

**FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS**

ШЕСТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

SIXTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

**ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ТУРИЗМОТ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО 21 ВЕК**

**CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE 21ST CENTURY**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
# CONFERENCE PROCEEDINGS

19 мај, 2023, Скопје / Skopje, May 19th, 2023

# Содржина – Contents


**СЕСИЈА: БИЗНИС ЛОГИСТИКА И БИЗНИС АДМИНИСТРАЦИЈА**
**SESSION: BUSINESS LOGISTICS & BUSINESS ADMINISTRATION ..................... 14**

FINANCIAL DIGITALIZATION AND ECONOMIC GROWTH: RECENT DEVELOPMENTS IN BANKS AND FINTECH ............................................................... 15

MONETARY POLICY AND UNEMPLOYMENT: LITERATURE REVIEW AND COMPUTATIONAL EXAMPLES ........................................................................... 26

УСВОЈУВАЊЕ НА ФИЛОЗОФИЈАТА НА TQM (ТОТАЛЕН МЕНАЏМЕНТ НА КВАЛИТЕТ) ПРЕКУ ГРАДЕЊЕ ДОБАР СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА......................... 54

REGIONAL ECONOMIC DYNAMICS: MANAGERIAL INSIGHTS ON AGRICULTURAL PERSPECTIVES................................................................................................ 63

EXPLORING THE HURDLES OF ALBANIAN TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE MODERN ERA.................................................................................. 69

EMPLOYEES PERFORMANCE APPRAISAL AS A FACTOR FOR RAISING ENTERPRISES COMPETITIVENESS ..................................................................... 79

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ КАЈ БУЏЕТСКИ ФОРМИ НА ОРГАНИЗАЦИЈА ........ 88

MASS MEDIA AND CONTEMPORARY SOCIETY: ........................................................ 97

Mass communication – feature of modern society................................................................ 97

GREAT CONTEMPORARY ETHICAL DEBATES ........................................................ 105

THE INFLUENCE OF ENTREPRENEURIAL MARKETING IN START-UP BUSINESSES, CASE STUDY KOSOVO.................................................................................. 111

ПРАВНА РЕГУЛАЦИЈА И ОПШТ ПРЕГЛЕД НА Е-ТРГОВИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........................................................................................ 117

eHEALTH DIGITAL SETUP BENEFITS DURING COVID-19: MCDM PERSPECTIVE ........................................................................................................................ 126

**СЕСИЈА: ТУРИЗАМ, УГОСТИТЕЛСТВО И ГАСТРОНОМИЈА**
**SESSION: TOURISM, HOSPITALITY AND GASTRONOMY.................................. 136**

МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА РЕАКТИВНО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИТЕ ПРОЦЕСИ ВО ХОТЕЛСКИОТ СЕКТОР ............................................................ 138

НОВИ ПРИРОДНИ МОТИВИ ЗА ТУРИСТИЧКО - ПЛАНИНСКА РЕКРЕАЦИЈА ВО ЈУЖНИОТ ДЕЛ НА НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК „ПЕЛИСТЕР“ .................................... 149

IMPLEMENTATION OF MARKETING FOR SELECTION OF RESTAURANT DISHES - CASE STUDY OF VRANJAČKA BANJA ...................................................................... 163

DYNAMICS AND DEVELOPMENT OF THE TOURIST TURNOVER AFTER THE INDEPENDENCE OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA ............................... 173

АНАЛИЗА НА КВАЛИТЕТОТ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ УСЛУГИ ВО ИСТОЧНИОТ ДЕЛ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........................................................ 184

ТУРИЗМОТ И ТУРИСТИЧКАТА МЕДИЈАЦИЈА ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА ........................................................................................................................ 195

ВЕРСКИ ТУРИЗМ И НЕГОВАТА ВАЖНОСТ ............................................................ 205

ВОНПАНСИОНСКАТА ТУРИСТИЧКА ПОНУДА НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ ВО ПОЛОШКИОТ РЕГИОН ............................................................................... 214

УСЛОВИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ И СОЦИОЕКОНОМСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ.......................................... 223

МЛЕКОВОД - УНИКАТНА ТУРИСТИЧКА АТРАКЦИЈА ВО МАНАСТИР СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ, КРИВА ПАЛАНКА................................................................ 231

TOURIST EVENTS AS A SEGMENT OF THE TOURIST OFFER OF PEJA: CASE STUDY OF THE MUNICIPALITY OF PEJA ........................................................................ 239

УСЛОВИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ И СОЦИОЕКОНОМСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА ДОЛНЕНИ........................................................ 245

ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ТЕТОВСКО КАЛЕ .......................................... 253

## СЕСИЈА: ТУРИЗАМ, УГОСТИТЕЛСТВО И ГАСТРОНОМИЈА

## SESSION: TOURISM, HOSPITALITY AND GASTRONOMY

УДК: 338.48-53:[27-522:637.12(497.722)

# МЛЕКОВОД - УНИКАТНА ТУРИСТИЧКА АТРАКЦИЈА ВО МАНАСТИР СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ, КРИВА ПАЛАНКА

***Тања Ангелкова Петкова[1], Владимир Китанов[2], Цветанка Ристова Магловска[3]***

**Апстракт**

Расположливите ресурси, природните знаменитости, производната традиција, сите заедно бараат нови видови на валоризација во Криво Паланечкиот регион. Планинските подачја и нините ресуси посебно се погодни за разој на повеќе видови на туризам, некои од нив се планински, зимски, рурален и еко туризам. Процесот на глобализација, динамичниот развој на технологијата и современата масовна комуникација ги бришат границите меѓу државите и овозможуваат непречен проток на стоки, луѓе, идеи и капитал. Овие процеси создаваат услови за позабрзан развој на туризмот, којшто претставува една од просперитетните стопански гранки на новиот милениум, во кој човекот, поединечно и групно, ќе биде во постојано движење и менување на местото на престој, како резултат на деловни, бизнис, истражувачки, здравствени, едукативни или чисто туристички мотиви. Во вакви услови туризмот, со сите можни видови туристички активности, добива значајно место во локалната и националната економија, во која што, при дејствување на пазарните законитости и актуелните директиви и определби за одржливо користење на природните и создадени ресурси, сите инволвирани субјекти во туристичката дејност се соочуваат со многу предизвици во алокација на капиталот и негово вклучување на домашниот и странскиот туристички пазар.

Овој труд се однесува на истражуваниот Криво Паланечки регион каде што е откриен млековод во самиот Манастир св. Јоаким Осоговски, кој бил измислен и користен од самите монаси кои живееле таму.

***Клучни зборови:*** манастирски туризам, млековод, Крива Паланка, туристичка дестинација, Осоговски планини

## Вовед

Многу искуствата од земјите во транзиција, а особено на новите членки на ЕУ покажува дека блиската соработка помеѓу соседните земји, во овој случај Северна Македонија, Србија и Бугарија, даваат силна политичка врска и интензивна културна и економска прекугранична активност, која влијае позитивно на одржливиот социјален и економски развој. Потребни се заеднички напори за да се стабилизира регионот, со цел регионална економска соработка и европска интеграција. Општо земено, со некаква обука, ограничени инвестиции и промоција на туризмот во регионот може брзо да се зголеми квалитетот на услугите и да обезбедат можност за користење на потенцијалите за развој на рурален туризам, планински, зимски спортови, фестивалски и слично.

Карактеристичен и специфичен е биодиверзитетот на Осоговските Планини, каде може да се најде дива свиња, зајак, лисица и срна, а во помал број и рис што овозможува поволност за лов, како и планински и еко туризам. Планинскиот туризам се должи на чисти еколошки средини, природните богатства, специфичниот терен за планинарење (искачување на Руен и Царев Врв), постоење на планинарски и ловечки домови, а големата надморска височина, поволната клима и чистиот воздух, даваат можност за развој на воздушни бањи.

[1] Тања Ангелкова Петкова, Професор, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика- Гевгелија, tanja.angelkova@ugd.edu.mk
[2] Владимир Китанов, Професор, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика- Гевгелија, vladimir.kitanov@ugd.edu.mk
[3] Цветанка Ристова Магловска, Професор, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика- Гевгелија, cvetanka.ristova@ugd.edu.mk

Можат да се издвојат неколку етно села кои пленат со својата убавина, со народните носии (што е реткос во денешно време да се види стара популација од населението да носи секојдневно народна носија, како и за разни пригоди, како свадби, крштевки, пазари исл.) инструменти, фолклор, игри, традиционална храна и самиот начин на изградба на куќите. Во село Дренак некои од куќите се направени од слама и камен, како и објектите за чување на добитокот кој во минатото го имало во голем број. Во регионот се наоѓаат и Валавници во кои се перат јамболии и волнени ткаенини кои рачно се изработувале од овчја волна. Поголемиот број сочувани валници се наоѓаат во селата Дурачка Река и Станци меѓу кои една од нив претставува споменик на културата заштитена од Републичкиот Завод за заштита на споменици на културата.

Денес условите за развој на сточарството во Кривопаланечко се доста поволни со што сточарите се мотивирани за работа и зачувување на традицијата. Тоа е така и во село Крклја кое се наоѓа во непосредна близина на манастирот, каде селаните автентично го зачувале начинот на стопанисување и традицијата на нивните дедовци и прадедовци.

## Профил на Општина Крива Паланка




Слика 1. Карта на Р.С. Македонија (лево), карта на општина Крива Паланка (десно)

Општина Крива Паланка се наоѓа во североисточниот дел на Република Северна Македонија, на тромеѓето помеѓу Северна Македонија, Србија и Бугарија. Припаѓа на сливното подрачје на Крива Река, распослана на северните падини на планината Осогово, потоа јужните падини на планината Герман, како и дел од Славишко и Биљино Поле. Се граничи со Општините: Ранковци, Кратово, Кочани и Македонска Каменица.

За градот големо значење има коридорот исток-запад кој го поврзува Балканскиот Полуостров со Мала Азија, а кој минува низ Крива Паланка. Овој коридор, кој се нарекувал Via Ignatia (Виа Игнација), одиграл важна улога во развојот на градот. Големиот број на патници и трговци, особено Дубровничките трговци, придонеле и за изградба и развој на манастирот Свети Јоаким Осоговски, кај Крива Паланка. Крива Паланка се наоѓа во пазувите на Осоговските Планини кои се простираат во источна Македонија и еден дел во Република Бугарија. Осоговската Планина која е дел од Родопскиот масив, зафаќа површина од 4200 км$^2$ од кои на Македонија и припаѓаат 3270 км$^2$ и опфаќа повеќе општини, меѓу кои и Кратово, Пробиштип, Кочани и Македонска Каменица. На Осоговските Планини се наоѓаат повеќе планински врвови меѓу кои и највисокиот врв во источна Македонија - Руен, на надморска висина од 2252 метри како и Царев Врв (2085 м.) и Калин Камен (1884 м.).

Поради својот геолошки состав Осоговието спаѓа во најважните рударски области во Македонија и е најбогата област со олово-цинкова руда. Први кои започнале со експлоатација на рудното богатство се Саситe кои живееле на ова подрачје. Покрај рударството како примарна дејност тие се занимавале и со сточарство и млечно производство благодарение на поволните природни карактеристики на теренот.

Умерено континенталната клима како и изобилието со вода придонеле на Осоговието да бидат зафатени големи површини со шуми и пасишта. Најзастапени шуми се дабовата и буковата

шума, а најзастапени полјоделски култури се компир и грав, како и фуражните култури кои се користат во сточарската гранка. За развојот на сточарството, особено овчарството, најголем удел имаат пасиштата кои зафаќаат големи пространства и се одликуваат со висок квалитет и еколошки чисти средини.

Карактеристичен за Осоговието е и специфичниот биодиверзитет. Од дивите животни најмногу се среќаваат дива свиња, зајак, волк, лисица и срна, а во помал број и рис. Присуството на дивечот во овој крај овозможува развој на лов, што се потврдува со големиот интерес и посетеност на ловции и од останатите краеви на Македонија.

Во поглед на географските и економски карактеристики општина Крива Паланка, претставува географска, социјална, економска и културна единица.

Основните заклучоци од анализата на локалната економска состојба, се следниве:

- Индустријата и рударството се доминантен економски сектори во последниот период, но капацитетите рапидно се намалуваат и се главната причина за зголемување на невработеноста;
- Демографските карактеристики на населението се на работ на демографска старост, со неповолна квалификација релативна за структура на државно ниво;
- Иако рударството и индустријата се доминантни, нивниот придонес за загадувањето на животната средина не е на ввисоко ниво, така што земјата припаѓа на категоријата на чисто земјоделско земјиште;
- Високо ниво на вработување во индустријата и рударството во комбинација со недостаток на земјиште за наводнување, веројатно, биле главната причина за ниското ниво на земјоделски активности во овој регион;
- Развојот на невладиниот сектор, е на повисоко ниво.

Културното и историско наследство на регионот и пријатната клима се основни потенцијали за развој на туризмот и дополнителните услуги (хотели, ресторани и сл.). Развојот на овој сегмент се гледа во ревитализација на културно-историски објекти и поголем маркетинг за поддршка на развојот за планински и манастирски туризам. Како придружни активности се модернизација на постоечките структури, развој на грнчарството и производство на сувенири. Најинтересните аспекти за развој на туризмот се културно наследство, привлечната природа и традиционалните ракотворби. Осоговските Планини нудат извонредни природни услови за развој на зимски туризам. Од страна на нивните климатски и географски карактеристики и услови идеални се за скијање, има снег од месец Октомври до месец Април, што овозможува долга туристичка сезона. Природни области на Осоговски Планини, се со чист планински воздух, водени потенцијали и богата флора и фауна, исклучително се погодни места за одмор и уживање за сите оние кои треба да се одморат. Исто така,, има можност за хербален туризам како што се собирање лековити билки и шумски плодови и сл.

**Развој на туризмот во Осоговскиот регион**

Причини за поголема посетеност на Осоговскиот регион се и богатството на ресурси за развојот на планинскиот и руралниот туризам. Планинскиот туризам се должи на еколошките средини, природните богатства, специфичниот терен за планинарење (пред се искачување на Руен и Царев Врв), постоењето на планинарски и ловечки домови, а големата надморска височина, поволната клима и чистиот воздух привлекуваат за развојот на воздушни бањи. Покрај природните убавини, руралниот туризам се јавува и како резултат на посебните културни вредности во Кривопаланечко. Особено се издвојуваат неколку етно села кои пленуваат со својата убавина и специфичност, како што се народните носии и инструменти, фолклор, традиционална храна и самиот начин на изградба на куќите. Во селото Дренак, кое е село на најголема надморска височина на Осоговието, куќите се истакнуваат со покриви направени од слама, а се изградени од камен. Слична градба имаат помошните објекти за чување на добитокот кој во минатото го имало во голем број во кривопаланечко.

Уште една туристичка атракција во регионот се Валавниците кои се употребуваат од дамнешни времиња. Од големото количество волна добиена од бројните стада овци, рачно се изработувале волнени ткаенини и јамболии, а кои се дооформуваат и перат во валавниците.

Поголемиот број сочувани валавници се наоѓаат во селата Дурачка Река и Станци меѓу кои една од нив претставува споменик на културата заштитена од Реубличкиот Завод за заштита на спомениците на културата.

Традицијата на одгледување на добиток, особено овци и крави, опстојува и во денешно време. За ова нешто сведочат неколкуте минифарми кои се занимаваат со производство, откуп и преработка на млеко. Такви постојат во село Кркља, село Киселица и Зидилово. Сопствениците ги зачувале интересот и традицијата од своите предци и нивната дејност е насочена кон здраво органско производство.

### Манастирот Свети Јоаким Осоговски и неговото стопанство

Еден од најатрактивните манастири во Македонија и регионот, е манастирот Св. Јоаким Осоговски кој се наоѓа на 3 (три) километри од Крива Паланка, во пазувите на Осоговските Планини. Манастирот е основан во 11 век во чест на св. Јоаким, пустиножител и чудотворец кој живеел на овие простори и чии мошти се погребани во манастирот. Покрај манастирскиот храм, се наоѓа и помала црква посветена на Света Богородица.



**Слика 2. Црква Света Богородица (лево), Манастир Св. Јоаким Осоговски (десно)**

Манастирот отсекогаш имал важна улога во формирањето и развојот на верскиот и културниот живот. Манастирот помагал во подигањето на други цркви и во јакнењето на христијанството во овој крај. Тој бил значаен и како образовен центар, со тоа што во него постоело народно училиште, а со пружање финансиски средства помагал на ученици од Кривопаланечко да се школуваат на престижни универзитети во странство. Бил познато престојувалиште на трговците и патниците кои минувале по значајниот правец Виа Игнација, кој поминува во близина на манастирот. Тие дале придонес во негово зајакнување преку сопствени донации и афирмација во подалечните краеви.

Во манастирот бил силно развиен монашкиот живот и во него престојувале монаси од многу различни краеви. Монасите биле домаќини во Манастирот и се грижеле за Манастирското стопанство кое било на мошне високо ниво во тој период, и се состоело во одгледување на разновидна и многубројна стока (неколку стотини грла). Во манастирското стопанство посебно значење и важна функција имал млеководот, кој ретко или воопшто се среќава кај други манастири.

### Млековод

Млеководот во состав на манастирскиот комплекс св. Јоаким Осоговски претставува извонредна креација на човековиот ум која постои уште од средниот век. Посебна специфика му дава начинот на изградба односно поставувањето на стрмен терен како и решенијата за транспорт на млекото до манастирот. Воедно изградбата била уште потешка поради подземното инсталирање на глинените цевки во должина од над 3 км. Млеководот бил поставен за потребите на манастирското стопанство кое во минатото било многу напредно и имало потреба од еден ваков потфат.

Овој манастир имал сопствени стада на овци и кози, а бил познат и по своите производи од млеко. И денес во манастирот се наоѓа манастирскиот жиг, во вид на правоаголник со истакната буква „М“ која доминира во центарот на жигот. Овој жиг е направен од железо и со него се обележувал манастирскиот добиток на тој начин што се ставал во оган и кога доволно бил вжештен се ставал на телото на овцата или козата и така се втиснувал жигот со ознаката „М“ (манастирски). Вака обележаниот добиток пасел по Осоговските пасишта и се разликувал од останатиот селски добиток.

Овците летно време се истерувале на паша во Осоговието, а таму од дрвени „леси“ се правеле „замети“ во кои овците ноќевале. Откако млекото ќе се измолзело најчесто со помош на коњи се транспортирало до манастирот каде што монасите го преработувале во сирење или кашкавал. Со оглед на тоа што манастирот бил одалечен неколку километри од местото каде се молзел добитокот, многу време се трошело на транспорт на млекото и поради летните горештини честопати доаѓало до „проварување“ односно расипување на млекото.

Овој проблем монасите се обиделе да го решат на тој начин што добитокот го молзеле навечер и ноќе го пренесувале во ведра направени од дрво или во „тарчузи“ (садови направени од овчја кожа). Но и овој начин не ги задоволил монасите. На одредени кратки растојанија изработувале од кори од дрва „коруби“ или „буки“ во вид на полуотворени цевки и низ нив го сипувале млекото. Ова било на кратки растојанија и имало многу истурања.

Тешкотијата во пренос на млекото рачно, со коњи или на други начини ги натерала луѓето од манастирот да го измислат и изградат млеководот. Со помош на глинени цевки, спојувајќи ги едни со други го изградиле млеководот, чии остатоци и денес можат да се пронајдат во Осоговската планина. На одредени растојанија се поставувале контролни врчви (шахти) кои покрај контролата служеле и како таложник на нечистотии.

Посебен интерес предизвикува начинот на комуникација помеѓу монасите кои го пуштале млекото од пределите каде што се чувал добитокот, и оние кои го дочекувале млекото, во близина на манастирскиот комплекс. Комуникацијата била остварена на тој начин што се искористувала сончевата сенка па со претходни договори во одреден термин на поклопување на сенката се пуштало млеко низ глинените цевки (се користел т.н. сончев часовник).

Покрај изградбата на млеководот и транспортот на млекото, многу интересно за тоа време бил и самиот начин на одржување на млеководната инсталација. Со цел да се одржи во свежа состојба и здраво за употреба била потребна метода за прочистување на цевките во одредени интервали. Поголема тешкотија претставувал договорот за наизменично пуштање на млекото и топла вода со која се дезинфицирале млеководните цевки, а во време на непостоечка комуникација на поголемо растојание. Монасите имале договор да во друг временски интервал, според положбата на сенката, тие од повисоките предели да истурат топла вода за дезинфекција. Значи, за време на различни положби на сончевата сенка, монасите правеле различни работи - транспорт на млеко или прочистување на цевките со топла вода, според претходно утврден договор помеѓу нив.

Млеководот претставувал големо олеснување со многу побрзиот транспорт и можноста млекото да стаса во свежа состојба без да се расипе. На овој начин се овозможило многу полесно



Слика 3. Глинени цевки од Млеководот

и едноставно млекото да се најде во манастирот каде се преработувало во млечни производи и се сервирале на патниците и трговци кои престојувале тука. Поради близината на познатите патни правци (Виа Игнација) како и атрактивноста на манастирот, млеководот одиграл мошне значајна улога за големиот број посетители и нивно редовно и навремено опслужување.

На жалост не се сочувани пишани документи за времето кога е граден овој објект, по многу нешта специфичен и единствен во поширокиот регион. Делови од млеководот се откриени летото 2006 година во близина на Манастирскиот комплекс Св.Јоаким Осоговски. Млеководот се проучува и доистражува, а локацијата е достапна како за туристите така и за научниците. Севкупното значење на млеководот е огромно, со неговото постоење можат да се поврзат како олеснувањето во транспорт на млекото така и поттикнување на локалното население во млекопроизводството и одржување на таа традиција до денеска.

**Производство на млеко и млечни производи во денешно време**

Поволните природни услови како и традицијата се главни фактори кои допринеле и денес иако во многу помал број да се одгледува добиток. Продуктите како што се сирење, кашкавал, урда, масло, матеница и други се одликуваат со висок квалитет и се барани во поширокиот регион и светот. Карактеристични се и посебни видови производи кои се специфични само за овој регион и претставуваат заштитен знак за одделни производители. За квалитетот на млечните производи најголемо влијание има чистата еколошка средина и традиционалниот начин на нивно приготвување. Денес условите за развој на сточарство во Кривопаланечко за разлика од минатото се далеку поповолни во смисла на здравствената заштита, набавка на сточна храна како и подобар пласман на производите. Сето ова е доволен мотив за инвестиции во сточарството и обезбедување сигурно и квалитетно млечно производство.

Со денешното производство се поврзува влијанието на манастирот и неговото стопанство вклучувајки го и млеководот во поблиската околина. Во селата опфатени со манастирската управа посебно се негувала традицијата на одгледување добиток и производство на млеко. Помеѓу другите, познато село во кое се задржала оваа традиција е селото Кркља кое се наоѓа на мала оддалеченост од манастирот св. Јоаким Осоговски. Овде многу автентично е зачуван начинот на стопанисување при што сопствениците ја продолжиле традицијата на своите дедовци и прадедовци. За останатите подалечни села карактеристични се минифарми или мандри во кои целосно е заокружен процесот на одгледување, производство па и продажба на производи. Мандрџиството е една од најстарите и најспецифични дејности која била во изумирање еден извесен период, а која денес постепено заживува и има тенденција да постане основно занимање за поголем број луѓе во Кривопаланечко. Исто така отварање на школа за мандрџии само би помогнала и би овозможила понапредно и организирано производство на млеко и млечни продукти.

**Млековод - Потенцијална туристичка атракција**

Млеководот чии остатоци неодамна се откопани претставува значаен дел од манастирскиот комплекс и има потенцијал во иднина да прерасне во вистинска туристичка атракција. Негова целосна реставрација би придонела за зголемен интерес и посета на туристи кои ќе бидат запознаени со традиционалниот начин на пренесување на млекото. Атрактивноста на млеководот произлегува од фактот што многу луѓе од регионот сеуште не се запознаени со неговото откривање.

Смислата на постоење на млеководот се врзува со искористување на млекото во еден поширок регион, а не само на Кривопаланечка територија. За млеководот може да се каже дека е дел од млечниот пат кој ги поврзува трите погранични региони меѓу Македонија, Србија и Бугарија. Во Бугарската општина Трн е отворен музеј посветен на Стамен Григоров, пронаоѓачот на бактеријата за производство на јогурт и кој живеел во тој крај, додека афирмирање на одрживото земјоделие врши фармата за органско производство во Димитровград, Р.Србија. Постои можност за поврзување на овие три региони и на тој начин да се иницира една поширока активност за ревитализација на регионот.

Постојана изложба посветена на млеководот, била поставена во Манастирскиот Ан од страна на невладината организација „Осогово“ од Крива Паланка, кој се наоѓа на патниот правец Крива Паланка - Деве Баир (т.е. Скопје - Софија) и во близина на ископаните остатоци од млеководот.

## Заклучок

Може да се заклучи дека хетерогените природни ресурси што се присутни во регионот се погодни за развој на повеќе видови на туризам, па може да се користат на најсоодветен начин ако регионот проба да имплементира мултифункционален концепт со разновидност на производи и услуги кои можат да се вклопат во една територија поврзани со заокружен систем. Меѓутоа, таквиот развој не може да се направи врз основа на препишани техники од некои други региони, каде што веќе се развива туризмот.

Модерниот концепт за развој на руралните области е интегриран пристап кон решавањето на проблемите на руралните заедници во маргиналните области. Диверзификација на руралната економија во регионот е од клучно значење. За развој на регионот потребна е агресивна промоција. Од друга страна, треба итно зголемување на кохезијата на локалната заедница, за да биде поуспешна промоцијата.

Една од нив е развој на руралниот и планинскиот туризам, базирани на природно и културно наследство. Треба да се работи на повеќе аспекти како што се – мапирање на сите точки кои се во интерес за развој на туризмот, традиционалните производи во руралните области, каде што веќе ги има, изработка на промотивни материјали, водичи веб страна и сл., одбележување на патеки и поставување на знаци на патиштата и местата кои ни се од интерес, отварање на туристички информатички пунктови и центри за развој на руралните области, првиот за споделување на информации, вториот за помагање на локалните заедници во развојот на туризмот и дополнителни активности.

Друга можност за развој на планинскиот туризам и искористување на ресурсите кои ги дава Манастирот св. Јоаким Осоговски, неговата историја, знаменитост и значењето за овој регион. Млеководот како дел од таа приказна може многу да придонесе за зголемување на бројот на туристи, но претходно добро да се информира и населението дека такво нешто постои во нивниот регион.

Туризмот како појава во Осоговски регионот, со интензивно темпо, полека но сигурно се развива. Идните перспективи би биле трансформација на регионот во профитабилна бизнис гранка. Тоа би бил огромен придонес кон развивање на многу видови на туризам во регионот. Со зголемување на туристичката понуда, нормално би дошло и до зголемување на бројот на туристи. Ако пак се следи трендот на раст и развој на туризмот, работата на угостителските капацитети би била постојана и со добра заработувачка. Растот и одржливиот развој на туризмот во регионот би требало да го засега секој оној кој што живее на овој простор. Доколку сите страни засегнати од туризмот заеднички дејствуваат, тогаш задоволството ќе е поголемо. Само со заедничко и синхронизирано планирање и имплементација на проектите за развој на туризмот, како и на целокупниот одржлив развој на локалната заедница, можеме да сметаме на бенефиции за сите.

## Користена литература

1. Angelkova, T. (2012). *Uloga specifičnih vidova turizma u revitalizaciji pograničnih područja između Srbije i Makedonije*, University Singidunum, Belgrade, Serbia.
2. Angelkova, T., Dzordzevic, M. S., Ristova, C. (2018). *The development of agro-tourism in the Northeastern Macedonia - From hospitality to tourist activities.* LAP - Lambert Academic Publishing, Germany . ISBN 978-613-9-85004-4
3. Angelkova T.: **“**Uloga specifičnih vidova turizma u revitalizaciji pograničnih područja između Srbije I Makedonije”- doktorska disertacija- Univerzitet Singidunum, Beograd, 2012.
4. Đorđević-Milošević S., Ivanov S.: „Održiva poljoprivreda kao faktor razvoja ruralnog turizma u oblastima zaštićene prirode“, Separat, Prvi forum – Ruralni turizam i održivi razvoj Balkana, 1999
5. Đorđević-Milošević S.: „Poljoprivreda Stare planine i UNESCO MAB program“, Studija, Zavod za zaštitu prirode, Beograd, 1999.

6. Đorđević-Milošević S.: „Aassessment of rural areas in the south-east border region of Macedonia, Serbia and Bulgaria", October 2005., Belgrade-Skopje-Sofija
7. Genov G. : Turizam posebnih interesovanja – Selektivni oblici turizma, Beograd, Srbija, 2010.
8. Lazić L.: „Turizam i ruralna područja", PMF, Departman za geografiju, turizam i hotelijerstvo, Novi Sad
9. Popesku J.: Turizam posebnih interesovanja – Selektivni oblici turizma, Beograd, Srbija, 2010, str. 90
10. Simonović D.: „Funkcije poljoprivrede i ruralni razvoj", Ekonomski fakultet, Niš
11. Hall, D., Brown, F. (2000). *Tourism in peripheral areas*, Channel View, Clevedon